Кочо СИДОВСКИ

# КОН ПРАШАЊЕТО ЗА ТРГОВСКИТЕ ОДНОСИ НА МАКЕДОНИЈА СО ИТАЛИЈА, СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА ИЗВОЗОТ, ВО ПЕРИОДОТ 1870—1903 ГОДИНА

## а) Предуслови за развитокот на трговските односи

Трговските односи на Македонија со Италија се одвивале во рамките на трговијата на Италија со Османската имкери Погодната местоположба на Македонија, поволната клима за одгледување на низа земјоделски производи, меѓу кои особено спаѓале тутунот, памукот, житните растенија, разните сточарски производи, потоа одгледувањето на кожурците од свилените буби, придонело за развивањето на меѓусебната трговска размена.

И покрај непостоењето на една единствена—обединета италијанска држава во периодот до 1870 год. треба да се каже дека сепак постоеле раширени трговски односи помеѓу Италија и Македонија во рамките на трговијата помеѓу Италија и Османската империја.

Обединувањето на Италија во 1870 год. позитивно се одразило врз развитокот на трговските односи на Италија со Османската империја односно Македонија. Единствениот пазар на Италија чувствувал сè поголема потреба од суровини за развитокот на својата индустрија а во исто време и за извоз на одделни индустриски производи во Османската империја.

Развитокот на турско односно македонско-италијанските трговски односи во периодот од обединувањето на Италија во 1870 год. па понатаму покрај другите фактори бил определуван исто така и од карактерот на трговската политика на Италија кон Османската империја бидејќи Македонија која била под власта на Османската империја морала да потпадне под влијание на таквата политика.

Развитокот на трговските односи помеѓу Македонија и Италија по обединувањето на последната во 1870 до Илинденското востание во 1903 год. зависел од низа суштествени услови, кои биле стриктно поврзани со овие односи. Развитокот на трговските односи пред сè зависел од општите услови на тие врски помеѓу Италија и Османската империја, кои вонредно влијаеле врз македонско-италијанските трговски односи.

Предусловите коишто постоеле за развитокот на трговската размена помеѓу Италија и Османската империја овозможиле и трговската размена меѓу Македонија и Италија да заземе еден поширок обем. Меѓутоа, треба да се истакне дека покрај трговските односи меѓу Италија и Османската империја врз меѓусебната македонско-италијанска трговска размена голема улога одиграле и други фактори. Тука пред сè спаѓало и значењето на Солун односно неговиот постојан растеж во втората половина на XIX век па и понатаму, имајќи го предвид фактот дека најголемиот дел на размената на Македонија со другите земји, во нашиот случај со Италија, се вршела токму преку Солун.

Поврзувањето на Солун со хинтерландот предизвикало негов изразит стопански подем. При крајот на 80-тите години на XIX век, според Бианкони градот имал 105.000 жители.[1])

Меѓутоа, оваа бројка веројатно била погрешно наведена, за што сведочело едно соопштение што го објавил весникот „Turquie" од 4 мај 1889 година наведено од Дорн, според кое Солун имал 195.000 жители.[2])

Кармело Мелиа наведува дека во 1892 год. Солун имал 150.000 жители.[3])

Трговскиот подем на Солун започнал поизразито да се истакнува по 80-тите години од XIX век. За овој развиток влијаеле три фактори — 1. Отворањето на Суецкиот Канал со што пораснало светското значење на Солун. 2. Поврзувањето со железнички линии на поважните центри во внатрешноста на

---

1). F. Bianconi, Cartes commerciales, Turquie D'Europe, Province de Macédoine. Paris 1888, 19. Цитирано според Христо Андонов-Полјански, Основите на трговските врски помеѓу Риека и Турција во втората половина на XIX век. — Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 15 (1963), 168.

2) Dorn, Die Seehafen des Weltverkehrs, 96. Христо Андонов-Полјански, op. cit., 168.

3) Melia Carmelo, Il Commercio e le industria della Macedonia. Bolletino del Ministero degli affari Esteri VIII (894). (—М. К. С. Белешки за търговията и индустрията на Македония. Из рапорта на Карлемо Мелиа Български Преглед II/IV (1895), 86—110. Христо Андонов-Полјански op. cit., 168.

Македонија. 3. Одбележувањето на тенденцијата за децентрализација на надворешната трговија на Османската империја во која изразита улога имал и Солун. Покрај Цариград, Солун бил главен центар за цела Европска Турција. Тој опфаќал со хинтерландот една површина од 85.750 км².[4])

Од хинтерландот биле внесувани во Солун земјоделски производи и производи од индустриските култури, кои во поголем дел служеле за извоз. Скоро сета трговија на хинтерландот се одвивала преку Солун. Кога ќе се земеле предвид сите овие околности со право Дорн на едно место наведува дека „Солун е важно трговско место на Македонците..."[5])

Мал дел од трговската размена меѓу Македонија и Италија се вршела и преку пристаништето во Кавала, а и преку некои други помали пристаништа.

Драгоцени материјали кои ни даваат слика за интензитетот на трговската размена меѓу Македонија и Италија, ни презентираат извештаите на италијанските и француските конзули во Солун и Кавала, упатени до соодветните министерства на Италија и Франција.

---

[4]) Христо Андонов-Полјански, Основите на трговските врски помеѓу Риека и Турција во втората половина на XIX в. — Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 15 (1963), 168.

[5]) Ibidem., 168.

[5a]) При изработката на прилогот се користени повеќе извори и литература.

Во изворите се опфатени објавените и необјавените трговски извештаи од италијанско и француско потекло.

Извештаите за трговската размена меѓу Италија и Отоманската империја односно Македонија се наоѓаат во **Историскиот архив на Министерството** за надворешни работи на Италија во Рим (Archivio Storico del Ministero degli affari Esteri — Roma). Овој материјал микрофилмуван се наоѓа во Архивот на Македонија—Скопје. Него го микрофилмувал проф. д-р Стјепан Аитолјак за време на неговото истражување во погореспоменатиот архив во Рим. Најголем број од овие извештаи потекнуваат од италијанскиот конзул во Солун и во нив има материјали кои се однесуваат само за трговската размена на Италија со Македонија. За оваа трговска размена меѓу Италија и Македонија извештаите воглавно се однесуваат на трговијата која се вршела преку пристаништата во Солун, Кавала и некои помали места.

Освен извештаите што се од италијанско потекло, користени се и извештаи од француско потекло. Тоа се необјавените архивски материјали од Архивот на Минитерството за надворешни работи на Франција во Париз (Archives du Ministère des affaires etrangères — Paris) фонд: Correspondance commerciale — Salonique, volume: No 27—30, 1872—1895. Овој материјал се наоѓа микрофилмуван во Архивот на Македонија—Скопје, а го има микрофилмувано проф. Љубен Лапе.

Исто така при изработката на прилогот користени се и објавените извештаи на француските конзули од Солун кои кај нас се преведени од д-р Александар Матковски и Поликсена Ангелакова. Тие се истражувани во Националната библиотека во Париз и во други места.

### б) Структурата на италијанскиот извоз во Македонија

Во почетокот треба да се каже дека развиената надворешно-трговска размена што постоела помеѓу Македонија и Италија во периодот пред обединувањето на последнава во 1870[6]) продолжила со несмален интензитет и во периодот 1870—1878 год. со незначителни осцилации.[7]) Меѓутоа Италија морала да се бори со многу посилни конкуренти на трговски план и тоа биле Франција и Англија, кои уште од поодамна имале монопол во трговската размена со Македонија. Сепак Италија — користејќи го присуството на една силна италијанска колонија во Солун каде се вбројувале дваесетина трговски куќи од прв ред, меѓу кои најистакнати биле трговските куќи: „Браќа Алатини", „С. Фернандес и Син", „Саул Модиано" и „Исак Јосуа Модиано", а потоа релативната близина на Солун спрема италијанските пристаништа, за разлика од останатите земји, со што се намалувале трошоците при транспортот на одделни стоки, успеала да си избори значајно место во надворешно-трговската размена на Македонија. За ова впрочем ни сведочи и подолу наведената табела каде што се даваат податоци за вредноста на увозно-извозните операции што ги вршела Италија преку Солунското пристаниште во периодот од 1870 до 1878 година.

---

[6]) Во периодот пред обединувањето на Италија од Македонија за последнава биле изнесувани памук, свила и свилени кожурци, тутун, жито, волна и др. Од Италија во Македонија биле внесувани кафе, хартија и др. разни мануфактурни стоки. Значајно било учеството на трговците од италијанските градови особено од Венеција, Неапол, Ѓенова и Ливорно. Исто така отворањето на конзулатите и вице-конзулатите на италијанските држави во Македонија влијаело врз порастот на трговската размена. За илустрација може да ни послужи следната табела, која го претставува обемот на меѓусебната трговска размена, во која се даваат податоци за увозот и извозот на стоки преку Солунското пристаниште од страна на Италија во текот на 1868, 1869 и 1870 година

| | Увоз во франкови | Извоз во франкови |
|---|---|---|
| 1868 | 203.000 | 4.989.000 |
| 1869 | 123.000 | 2.558.000 |
| 1870 | 197.000 | 1.152.000 |

Данчо Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење. Скопје 1967, 364—365.

[7]) Временската граница 1870—1878 год., го опфаќа периодот од обединувањето на Италија до Берлинскиот конгрес во 1878 год., што се одржал како директна последица од решенијата на Сан-Стефанскиот мировен договор, кои најдиректно се однесувале на положбата на Македонија, нешто што предизвикало последици во меѓусебната италијанско-турска односно македонска трговска размена.

| Година | Увоз во франкови | Извоз во франкови | Вкупна вредност во франкови |
|---|---|---|---|
| 1870 | 25.000 | — | — |
| 1871 | 236.795 | 1.657.171 | 1.893.966 |
| 1872 | 343.114 | 3.540.925 | 3.884.039 |
| 1873 | 1.006.777 | 4.311.092 | 5.317.869 |
| 1874 | 1.426.409 | 4.801.710 | 6.228.119 |
| 1875 | 2.295.885 | 4.666.392 | 6.962.277 |
| 1876 | 409.860 | 10.499.662 | 10.909.522[8]) |
| 1877 | 2.142.218 | 12.387.469 | 14.529.687[9]) |
| 1878 | 832.300 | 11.068.792 | 11.901.092[10]) |

Од горенаведената табела може да се констатира дека учеството на Италија во општото трговско движење на Солунското пристаниште, започнувајќи од 1870 год., забележува константен пораст а падот веќе го забележуваме во 1878 год. што ќе продолжи и во наредните години.

Како второ што може да се забележи од табелата е дека учеството на Италија во извозот на стоки од Солунското пристаниште било многу поголемо отколку увозот. Тоа значи дека Италија увезувала од Македонија преку Солунското пристаниште многу повеќе стоки отколку што извезувала во Македонија свои производи.

Меѓутоа не располагаме со конкретни податоци кои производи од Италија во Македонија се извезувале до 1878 год.

За да може да ја врши трговската размена помеѓу Македонија и Италија последнава ангажирала свои бродови во прометот меѓу Солунското пристаниште и италијанските пристаништа, но треба да се истакне дека покрај италијанските бродови тој промет го извршувале и бродовите на други земји.

Во 1871 год. било основано италијанското парабродско друштво „Trinacria" (потоа преименувано во „Florio Rubattino" и подоцна во „Navigazione Generale Italiana"), кое секои 15 дена сообраќало на линијата Ѓенова — Палермо — Месина — Ка-

8) Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, Извештај на француските конзули од Солун за економската положба на Македонија од 1883 до 1885 година. — Г ИНИ XVI/2 (1972), 207.

9) Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, Извештаи на француските конзули од Солун од 1877 до 1883 година. Г ИНИ XVI/1 (1972), 217.

10) Raport sur la situation, Comerciale et la navigation de port de Salonique pendant l'année 1878. Consulat de France en Macédoine. Salonique le 30 Juillet 1879. (Архив на Македонија — Скопје, во натамошниот текст АМС, М/91).

танија — Канеа — Пиреј — Солун — Дарданели — Цариград — Одеса.[11])

Континуитетот на трговската размена помеѓу Италија и Македонија продолжил и во периодот по 1878 година иако вредноста на трговските операции помеѓу овие две земји покажувала значително опаѓање. Причините за ваквото опаѓање биле многубројни а една од нив секако како најзначајна била несредената политичка ситуација што настанала како резултат од војната на Турција со Русија. Ова а и некои други причини придонесле да се смали трговското движење на солунското подрачје (пристаништата во Солун, Кавала, Порто Лагос и Волос) како во однос на трговската размена со Италија, исто така и со другите земји.

За подобро согледување на соодносот на увозот и извозот на Италија со Македонија, во почетокот настојуваме да ја прикажеме вредноста на трговските операции на овие две земји во двата правци. Меѓутоа една споредба со вредноста на увозно-извозните операции што ги водела Италија со Македонија во периодот 1870—1878 година покажува значително намалување во наредниот период од 1879 год. и понатаму. Причините за ова ги споменавме погоре. За периодот од 1895 до 1903 година поради немање на одредени податоци не сме во можност да ја прикажеме вредноста на увозно-извозните операции помеѓу Италија и Македонија.

Според податоците со кои располагаме во овој момент подолу даваме табела од која може да се види учеството на Италија во увозно-извозните операции на Солунското пристаниште во периодот од 1879 до 1895 година:

| Година | Увоз во франкови | Извоз во франкови | Вкупна вредност во франкови |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1879 | 1.636.000 | 2.052.825 | 3.688.821[12]) |
| 1880 | 1.023.345 | 1.624.005 | 2.647.350[13]) |
| 1881 | 2.215.406 | 2.536.864 | 4.752.270[14]) |
| 1882 | — | — | — |

[11]) Данчо Зографски, op. cit., 315.

[12]) А. Матковски и П. Ангелакова, op. cit., 221.

[13]) Ibidem 230.

[14]) Извештај на М. Краевски (M. Kraewski), испратен до Дуклерс (Duclers), претседател на советот и министер за надворешни работи во Париз. (АМС, М/91).

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 1883 | 3.110.050 | 2.363.900 | 5.473.950[15]) |
| 1884 | 1.852.426 | 9.803.659 | 11.656.085[16]) |
| 1885 | 3.625.240 | 3.225.601 | 6.850.841[17]) |
| 1886 | 1.598.000[18]) | — | — |
| 1887 | 1.371.000[19]) | — | — |
| 1888 | 1.070.200[20]) | — | — |
| 1889 | — | — | — |
| 1890 | 2.063.135 | 10.550.000 | 12.613.135[21]) |
| 1891 | — | — | — |
| 1892 | — | — | — |
| 1893 | — | — | — |
| 1894 | 1.200.000[22]) | — | — |
| 1895 | 1.480.000[23]) | — | — |

Горенаведената табела дава можност да се извлече заклучок дека, иако располагаме со приличен број на извештаи, било од италијанско било од француско потекло, за трговската размена помеѓу Македонија и Италија, не можиме да утврдиме секоја година колкава била вредноста на увозно-извозните операции на Италија со Солунското пристаниште, па оттука да може да се добие целосна слика за тоа како се одвивала трговската размена меѓу двете погоре спомената земји во дадениот период.

[15]) Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, Извештај на францускиот конзул од Солун за економската положба на Македонија од 1883 до 1885 година. Г ИНИ XVI/2 (1972), 217. Инаку овој документ е земен од „Bulletin consulaire francais. Recueil des rapports commerciaux adresses au Ministre des Affaires étrangeres par les agents diplomatiques et consulaires de France a' l' Etrangeres. Rapport consulaire, Turquie d' Europe, année 1886, се води под сигнатура 4°LC6 140/12 (1886) и се чува во Националната библиотека во Париз.

[16]) Ibidem 217.

[17]) Idem. 225.

[18]) Данчо Зографски, op. cit., 379.

[19]) Ibidem 384.

[20]) Idem 384..

[21]) Податокот е земен според пресметнувањата на англискиот конзул. (B. Report for the year 1890 of the Consulate at Salonico. — 962 на збирката. Melia Carmelo, II Comercio e le industria della Macedonia. Bolletino del Ministero degli affari Esteri VIII (1894), 931. (AMC M—LX/716).

[22]) Raports commerciaux des agents diplomatiques et consulaires de France, Publies par Ministere des Affaires étrangeres et la Ministère du Commerce, de l'Industrie, des Postes et des Telégraphes. Année 1895, N° 303. Vurquie, Mouvement du Commerce et de la Navigation dans le Port de Salonique pedant l'année 1894. (AMC, M/91).

[23]) Consulat de France a Salonique. Salonique le 8 Juillet 1896, N° 12, Mouvement du commerce e la navigation dans Port de Salonique en 1895, Veillet—Dufrèche. (AMC, M/91).

Сепак и покрај тоа што не располагаме со податоци за сите годишта колкава била вредноста на трговската размена меѓу Италија и Македонија, може да се заклучи дека Италија имала поголемо учество во извозот од Македонија преку Солунското пристаниште отколку што таа извезувала свои стоки преку истото пристаниште во Македонија. Кога ќе се побараат причините за таквата положба во меѓусебната трговска размена на Македонија со Италија, една од нив била и таа што поразвиените капиталистички земји во Европа во тоа време имале поголема можност да ги пласираат своите стоки на пазарите во Македонија односно во целата Османска империја, заради тоа што и побргу ги имале освоено пазариштата во нив. Италија во Македонија воглавно внесувала индустриски стоки.

Немањето на податоци за сите години не ни овозможува поцелосно да ја согледаме структурата на италијанскиот извоз во Македонија. Ова особено се однесува за периодот од 1895 год. па сè до Илинденското востание во 1903 година. Исто така треба да се истакне дека податоците воглавно се однесуваат за извозот што се вршел преку Солунското пристаниште, а пак за извозот што се одвивал преку другите пристаништа, како на пр. преку Кавала и други сосема малку располагаме со податоци.

Треба да се истакне дека и за оние години за кои имаме податоци за трговската размена меѓу Македонија и Италија, не сме во можност тоа поодделно да го истакнеме, затоа што се среќаваме со податоци кои се даваат заедно за повеќе земји, веројатно заради тоа што и тогаш се немало податоци за секоја земја посебно.

Обемот на надворешната трговија на Македонија со Италија во овој период (1878—1903) постојано осцилираше но сепак со тенденција кон зголемување што имаше значење за стопанскиот живот на Македонија во дадениов период. Улогата на Солун во надворешната трговија на Македонија со Италија растеше сè повеќе доколку Солун подобро се поврзуваше со италијанските пристаништа. Сите делови на Македонија се снабдуваа со италијанска стока главно преку Солун. Што се однесува до местото на Италија во надворешната трговија на Македонија, чии бројчани показатели ги дадовме погоре, може да се каже дека зависеше од конкурентската способност на италијанската индустрија и од потребите што таа ги чувствувала од суровини какви што можеа да се извезуваат од Македонија.

Во продолжение изнесуваме какви се производи биле внесувани од Италија во Македонија.

Различни ткаенини. Во нив спаѓале разни свилени и памучни ткаенини, сатен, кадифе, луксузни штофови, конфекција,

платно, лесни ткаенини, свечени сукни, кашмир, драперии, волнени ткаенини и др.

Во текот на 1883 година биле внесени облеки во вредност од 5.500 фр.[24]) Според податоците на Кармело Мелиа во текот на 1890 година биле внесени облеки од Италија 48 метрични квинтали, 1891—37, 1892—7 и 1893—55.[25])

Свила во 1883 година била внесена за 12.300 фр. а во текот на 1884 год. за 288 фр.[26]) Свилено предиво било внесено во 1892 год. 18 метрични квинтали.[27])

Волнени стоки во 1884 год. биле внесени за 8.388 фр.

Во временскиот период од 1890 до 1894 год. од Италија во Македонија биле внесени следните количества на разни мануфактурни производи изразени во метрични квантали:

| | 1890 | 1891 | 1892 | 1893 |
|---|---|---|---|---|
| Памучно предиво | 415 | 450 | 709 | 630 |
| Трикотажа | 32 | 54 | 183 | 100 |
| Свилени стоки | 11 | 6 | 13 | 15 |
| Различни ткаенини | 15 | 21 | 37 | 263 |
| Предиво од коноп и лен | — | — | 10 | 10[28]) |

Во текот на 1883 година биле внесени мануфактурни изработки во вредност од 80.300 фр. а во 1884 година во вредност од 5.560 фр.

И најпосле во текот на 1886 год. биле внесени и тоа: платно за 105.000 фр. и штофови за 65.000 фр.[29])

Од производите на текстилната индустрија што биле внесувани од Италија во Македонија спаѓале и конците.

Биле внесувани различни видови на конци. Но во извештаите не располагаме со подетални податоци колкав бил посебно уделот на Италија во увозот на овој артикл. Имаме определени податоци само за 1883 година кога бил внесен памучен конец во вредност од 184.500 фр. и во 1884 год. конци во вредност од 79.404 фр.[30])

24) Consulat de France a Salonique. Commerce gènèral de la Macédoine en 1883, 1884, 1885 de Sainte Marie. (AMC, M/91).

25) Melia Carmelo, op. cit., 935. (AMC, M—LX/716).

26) ... Comerce gènèral de la Macédoine en 1883, 1884, 1885. (AMC, M/91).

27) Melia Carmelo, op. cit., 934. (AMC, M—LX/716).

28) Ibidem 934—935.

29) Данчо Зографски, op. cit., 379.

30) ... Comerce gènèral de la Macédoine en 1883, 1884, 1885. (AMC, M/91).

Исто така се внесувало платно за вреќи и ткаенини од јута. Не располагаме со конкретни податоци за увозот на горенаведените артикли со исклучок на тоа дека во 1892 год. била внесена јута во количество од 39 метрички квинтали.[31])

Еден од значајните артикли што се внесувале во Македонија биле и празните вреќи. Вреќите покрај од Италија биле внесувани и од Англија, Холандија и Франција во бали. Една бала содржела по 500 вреќи. Внесеното количество варирало според потребите кои зависеле од реколтата. Кога годината била добра пристигале во Солун повеќе од 1.500.000 вреќи подеднакво нови и стари.

Според извештајот на веќе погоре споменатиот Кармело Мелиа во текот на 1890 год. биле внесени 1.295 метрични квинтали празни вреќи, во 1891—135 и во 1892—39.[32])

Еве ги димензиите, тежината и цените на вреќите кои потекнувале од Англија и Италија:

| Димензии метри | Тежина килогр. | Цени франкови |
|---|---|---|
| 1,20 x 1,80 | 1,75 | 1,75 |
| 1,20 x 1,80 | 3," | 2,30 |
| 1,20 x 1,80 | 3,50 | 2,55 |
| 0,70 x 1,20 | 1," | 0,65 |
| 0,60 x 1,20 | 1," | 0,55 |
| 0,62 x 1,20 | 0,90 | 0,65 |
| 0,65 x 0,95 | 1,10 | 0,80 |
| 0,60 x 0,87 | 0,90 | 0,60 |
| 0,71 x 1,13 | 0,62 | 0,52[33]) |

Покрај горенаведените артикли биле внесувани и јажиња, коноп; предиво од коноп и лен, и канап. Така во 1884 год. биле внесени јажиња во вредност од 4.420 фр. и коноп во вредност од 1.237 фр.,[34]) додека во текот на 1892 и 1893 год. биле внесени за секоја година по 10 метрични квинтали на предиво од коноп и лен. Исто така биле внесени значителни количества на канап и тоа во текот на 1890 година 50 метрични квинтали, во 1891—142, во 1892—228 и во 1893—95 метрични квинтали.[35])

31) Melia Carmelo, op. cit., 934.

33) Rapports Commerciaux, des agents diplomatiques et consulaires de France, Publies par le Ministere des Affaires ètrangeres et la Ministère du Commerce et de l'Industrie. Année 1892. № 23, Turquie. Importance commerciale de Salonique, Deuxième partie, Importations. (AMC, M/91).

34) ... Commerce gènèrale de la Macédoine en 1883, 1884, 1885. (AMC, M/91).

35) Melia Carmelo, op. cit., 935 (AMC, M—LX/716).

Биле внесувани од Италија за задоволување на локалните потреби машки шешири и сламени шешири. Така во 1884 год., биле внесени филцани шешири во вредност од 552 фр. и сламени шешири за 3.362 фр.[36]). Увозот на овие артикли продолжил и во наредните години, но ние располагаме со податоци само од 1890 до 1893 год. Во овој временски интервал се внесени следните количества од овие артикли: во 1890 год. 20 метрични квинтали на шапки од слама и од филц, во 1891—12, 1892—9, 1893—10.[37])

На листата на внесуваните артикли од Италија спаѓале чаршавите за маси и марамите.

Значајна ставка за Македонија во увозот од Италија претставувале прехранбените артикли.

Главните прехранбени артикли кои се внесувале од Италија биле оризот и кафето.

Ориз. — Со први податоци за количества на ориз што биле внесени од Италија во Македонија се среќаваме во 1881 год. и тоа само за увозот кој бил извршен преку пристаништето во Кавала. Биле внесени 400.000 килограми ориз во вредност од 150.000 фр.[38]) Инаку приближната цена на оризот била 150 пијастри за врека од околу 100 кгр. Но оваа цена варирала во зависност од условите на пазарот. Така, цената во 1882 год. изнесувала 140 пијастри, во 1885—155 пијастри, а во 1886—160 пијастри за една врека ориз од 100 кгр. што доаѓала од Италија.

Во времето од 1883 до 1886 год. вредноста на внесениот ориз од Италија изнесувала: во 1883—7.800 фр.; во 1884—24.130 фр.[39]) и во 1886 год. 195.000 фр.[40])

Од гореизнесеното може да се забележи дека вредноста на внесениот ориз во 1886 год. многу се наголемила во однос на претходните години. Меѓутоа во периодот од 1889 до 1890 год. Италија многу го намалила својот извоз на ориз кој не преминувал повеќе од 1.000 или 1.200 вреќи.[41]) Оризот од Генова бил со добар квалитет и во Солун чинел 34 фр., 50 до 41 фр. за една врека од 100 кг.

---

36) ... Commerce gènèral de la Macédoine en 1883, 1884, 1885. (AMC, M/91).

37) Melia Carmelo. op. cit., 934. (AMC, M—LX/716).

38) Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, Извештаи на француските конзули од Солун од 1877 до 1883 година. Г ИНИ XVI/1 (1972), 237.

39) . . Commerce gènèral de la Macédoine en 1883, 1884, 1885. (AMC, M/91).

40) Данчо Зографски. op. cit., 379.

41) Raports Commerciaux. № 23, Année 1892. (AMC, M/91).

Исто така треба да се спомене дека и Македонија била голем производител на ориз со производство од околу 250.000 вреќи ориз годишно.

Внесените количества на ориз од Италија во временскиот интервал од 1890 до 1893 год. изнесувале: во 1890—102 метрични квантали; во 1891—357; во 1892—495 и во 1893 год. 750 метрички квинтали.[42])

Во текот на 1893 год. средната цена на оризот се движела од 26 до 40 фр. за 100 кгр.

Значаен производ на листата на внесуваните артикли од Италија било и кафето. Но треба да се истакне дека внесуваното количество на кафе од Италија всушност било транзит од Јужна Америка. Неговата побарувачка кај месното население придонесувала тоа да претставува значајна ставка во увозот на Македонија не само од Италија, туку и од други земји. Но не располагаме со доволно податоци за да ја илустрираме динамиката на количествата на кафе што се внесувале од Италија во Македонија.

Во 1883 год. било внесено кафе од Италија во вредност од 44.100 фр.[43] Цената на внесуваното кафе во 1885 год. варирала од 5,75 до 7 пијастри во злато по ока.[44])

Во текот на временскиот период од 1890 до 1892 год. увозот на кафе од Италија во Македонија се одвивал со следната динамика: во 1890—77; во 1891—15 и во 1892—24 метрични квинтали.[45])

Што се однесува до цените на кафето, тие во овој период се движеле во следните рамки: во 1892 год. 2 фр. 15 до 2 фр. 75 за една ока а во 1894 и 1895 г. 2 фр. 50 до 3 фр. 50 за една ока во зависност од квалитетот.

Покрај горенаведените артикли оризот и кафето, и останатите прехранбени артикли заземале значајна ставка во италијанскиот извоз во Македонија. Тука влегува голема група на прехранбени артикли. Но за квантитетот на увозот на овие производи не располагаме со доволни податоци освен за определени периоди. Така, на пр. во 1883 год. најзначајна вредност достигнал увозот на шеќер 1.447.300 фр.; овошје 65. 600 фр.; зејтин 559.600 фр. а другите производи сочинувале мала вредност како, на пр., конзерви за 6.850 фр.; маслинки за 1.650 фр.; компири за 2.900 фр. и др.[46])

Во 1884 год. италијанскиот извоз во Македонија ги давал следните показатели: маслинов зејтин 970.083 фр.; зејтин 477.483

---

[42]) Melia Carmelo, op. cit., 935, AMC, M—LX/716).

[43]) ... Commerce gènèral de la Macédoine en 1883, 1884, 1885. (AMC, M/91).

[44]) Ibidem.

[45]) Melia Carmelo, op. cit., 934. (AMC, M—LX/716).

[46]) ... Commerce gènèral de la Macédoine en 1883, 1884, 1885.

фр.; овошје 23,520 фр.; разни солени производи 1.553 фр.; компири 1.140 фр.; сирење и путер 468 фр.; костени 256 фр.; житарици 239 фр.; и како посебно минерални води за 74 фр.[47])

Благодарејќи на извештајот на Кармело Мелиа во можност сме да дадеме скоро целосна слика за увозот на прехранбени артикли од Италија во Македонија преку Солунското пристаниште во периодот од 1890 до 1893 год. Во продолжение даваме табела на внесените прехранбени артикли:

Увоз на прехранбени артикли од Италија за Македонија во метрични квинтали преку Солунското пристаниште од 1890 до 1893 година

| Артикли | 1890 | 1891 | 1892 | 1893 |
|---|---|---|---|---|
| Минерални води | 4 | 12 | 5 | — |
| Јужно овожје | 4,140 | 555 | 2.956 | 3.880 |
| Путер | 11 | 16 | 56 | 40 |
| Костени | 177 | 326 | 330 | 710 |
| Прехран. конзерви | 30 | 31 | 36 | 20 |
| Слатки | 3 | 5 | 9 | 45 |
| Брашно | 2,135 | 3,975 | 150 | 500 |
| Сирење | 17 | 21 | 91 | 100 |
| Бадеми | — | — | — | 70 |
| Ореви | — | — | 25 | — |
| Маслинов зејтин | 56 | 48 | 276 | 2.900 |
| Тестенини | 21 | 29 | 34 | 55 |
| Компири | 236 | 580 | 1,024 | 1,260 |
| Црн пипер | 44 | — | — | 50 |
| Сувомеснати стоки | — | 4 | 13 | 30 |
| Гриз | 1,936 | 2,465 | — | —[48]) |

Покрај горенаведените производи биле внесувани и конзервиран зеленчук и маргарин.

Исто така биле внесувани и разни алкохолни пијалоци. Така во 1883 год. бил внесен алкохол за 86.500 фр. и ликери за 7.890 фр. а во 1884 год. ликери за 6.966 фр.; вина и вермути за 1.292 фр.[49])

Според извештајот на Кармело Мелиа увозот на ликери и на вина во периодот 1890—1893 год. се одвивал со следната динамика: ликери во 1890—28; во 1891—106; во 1892—322 и во

47) Ibidem.

48) Melia Carmelo, op. cit., 933—935. (AMC, M—LX/716).

49) . . . Commerce gènèral de la Macédoine en 1883, 1884, 1885. (AMC, M/91).

1893—245 метрички квинтали и вина во 1890—50; во 1891—94; во 1892—199 и во 1893—255 метрични квинтали.[50])

Хартија. Од фабриките за хартија во Неапол се извезувала хартија за Солун. Структурата на внесуваната хартија од Италија се состоела од сите видови на хартија и тоа хартија за пишување, печатена хартија, хартија за огласи, хартија за пакување и картон. Во текот на 1883 год. вредноста на внесената хартија изнесувала 42.000 фр.[51]) а во 1884 год. 27.364 фр.[52])

Во временскиот период од 1890 до 1893 год биле внесени следните количини на хартија изразени во метрични квинтали: во 1890—238; во 1891—316; во 1892—98 и во 1893—360.[53])

Фармацеутски производи и дрогерии. Италија исто така се јавувала како еден од испорачувачите на фармацеутски производи и дрогерии. Цените на нејзините производи се движеле помеѓу оние на Германија и оние на Франција.

Вредноста на внесените лекови од Италија во 1883 изнесувала 13.300 фр. а во 1884 год. 3.348 фр.[54] Во 1886 год. било внесено белило за 9.000 фр.[55]) Во текот на 1889 год. биле внесени фармацеутски производи и дрогерии во количество од 12.700 кгр. а во 1890 год. 7.500 кгр.[56]) Во времето од 1890 до 1893 год. биле внесени заедно хемиски производи и лекови следните количества: во 1890—14; во 1891—69; во 1892—130 и во 1893—90 метрички квинтали.[57])

Важна ставка на италијанскиот извоз во Македонија претставувала извозот на сулфурното масло за правење на сапун а и готовиот сапун. Така во 1882 год. потребните сулфурни масла за производство на сапун биле внесени од Италија во вредност од околу 500.000 фр.[58]) Наредната 1883 увозот на сапун изнесувал 9.400 фр., а во 1884 год. изнесувал само 80 фр.[59]) Увозот на сулфурното масло за правење на сапун и готовиот сапун го достигнал следното количество во периодот од 1890 до

50) Melia Carmelo, op. cit., 934—935. (AMC, M—LX/716).

51) ... Commerce gènèral de la Macédoine en 1883, 1884, 1885, (AMC, M/91).

52) Ibidem.

53) Melia Carmelo, op. cit., 934 (AMC. M—LX/716).

54) Raports Commercaux. № 23. Année 1892. (AMC, M/91).

55) Данчо Зографски, op. cit., 379.

56) Raports Commerciaux, № 23, Année 1892. (AMC, M/91).

57) Melia Carmelo, op. cit. 935. (AMC, M—LX/716).

58) Rapporto del Avv. Conte Francesco Mazza, R. Vice Concole a Salonicco comunicato del Cav Av. Francesco Zerboni R. Consule a Salonicco, (Gennaio 1884), Commercio d'Importazioni durante l'anno 1882, 245. (AMC. M—LX/715).

59) ... Commerce gènèral de la Macédoine en 1883. 1884, 1885. (AMC, M/91).

1893 год.: сулфурно масло во 1890—6.489; во 1891—12.520; во 1892—10.682 метрични квинтали; сапун во 1890—106; во 1891—94; во 1892—125 и во 1893—130 метрични квинтали.[60])

Увозот на сулфур во 1884 год. изнесувал 28.418 фр.[61]) а во 1886 увозот на овој артикал ја достигнал вредноста од 615.000 фр. Количеството на внесениот сулфур во периодот од 1890 до 1893 год. изнесувало изразено во метрични квинтали: во 1890—50; во 1891—57; 1892—296 и во 1893—90.[63])

Бои и лакови. За увозот на овие артикли располагаме со сосема малку податоци. Во текот на 1884 год. вредноста на внесените бои изнесувала 4.040 фр.[64]) Според веќе цитираниот извештај на Кармело Мелиа внесеното количество на бои и боја за чевли во годините од 1890 до 1893 изнесувало во метрични квинтали: бои во 1891—69; во 1892—92 и во 1893—190; боја за чевли во 1890—170; во 1891—394; во 1892—241 и во 1893—396.[65])

Исто така биле внесувани и извесни количества на лакови од Италија во Македонија.

Значително место во листата на увозните артикли кои биле пласирани од страна на Италија во Македонија заземале стаклото, стакларијата и порцеланот. Така во 1883 год. бил внесен порцелан за 32.200 фр. а стаклариии за 12.900 фр.[66]) Овој увоз продолжил и во наредните години но за тоа не располагаме со конкретни податоци. Исто така биле внесувани и извесни количества на полупорцелан.

Во текот на 1885 год. биле внесени за 25 фр. италијански земјени садови и саладиери,[67]) а во 1886 вредноста на внесената грнчарија изнесувала 21.000 фр.[68])

Во текот на 1889 и 1890 год. биле внесени различни производи од лончаријата, грнчаријата и стакларијата. Вредноста на внесениот полупорцелан (фајанс) и порцелан во гореспоменатите години ја достигнувала сумата од 12.000 фр.[69]) Фини грнчарски предмети биле внесувани од Италија во следните количе-

---

60) Melia Carmelo. op. cit. 934—935. (AMC, M—LX/716).

61)... Comerce gènèral de la Macédoine en 1883, 1884, 1885. (AMC, M/91).

62) Данчо Зографски, op. cit., 379.

63) Melia Carmelo, op. cit., 935. (AMC, M—LX/716).

64) Commerce gènèral de la Macédoine en 1883, 1884, 1885. (AMC, M/91).

65) Melia Carmelo, op, cit., (AMC, M—LX/716).

66)... Commerce gènèral de la Macédoine en 1883, 1884, 1885. (AMC, M/91).

67) Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, Извештај на францускиот конзул од Солун за економска положба во Македонија од 1883 до 1885 година. Г ИНИ, XVI/2 (1972), 227.

68) Данчо Зографски op. cit., 379.

69) Rapports Commerciaux, № 23, Année 1892. (AMC, M/91).

ства: во 1890—175; во 1891—80; во 1892—227 и во 1893—440 метрични квинтали.[70])

И по овој период продолжил увозот на стакло, стакларија и порцелан, но за тоа колкава била вредноста на овие увезени артикли не располагаме со конкретни податоци, бидејќи тие што се наведени во француските извештаи се групирани за по веќе земји.

Во голема мера се развил и увозот на градежни материјали. Меѓу внесуваните производи спаѓал и мермерот. Така во 1883 и 1884 год. бил внесен мермер за 3.500 фр. односно 4.472 фр.[71]

Во продолжение даваме преглед на количествата на внесените градежни материјали во периодот од 1890 до 1893 год. изразени во метрички квинтали:

| Вид на производ | 1890 | 1891 | 1892 | 1893 |
|---|---|---|---|---|
| Мермер | 689 | 405 | 470 | 500 |
| Мермер во прав | — | 37 | — | 545 |
| Цемент | — | — | 10 | —[72]) |

Покрај горенаведените градежни материјали биле внесувани и следните: Во 1884 год. камен од Везув за 24.000 фр.; тули за 9.800 фр. и др. разна граѓа за 165 фр.[73]) Во текот на 1889—1890 година биле внесени извесни количества на вар и гипс.

Метали и метални стоки. Металите и различните метални производи претставувале значајна ставка на италијанскиот извоз во Македонија. Во 1883 год. бил внесен челик за 31.500 фр., оловна глеѓ за 8.200 фр. и олово за 4.700 фр., а во 1884 ситна метална стока за 7.477 фр.[74]) Во 1886 год. биле внесени железни каси за 40.000 фр.[75])

Покрај челикот биле внесувани во 1886 и 1888 год. железо, бакар, калај, олово, оловни зрна и цинк.

Подолу даваме преглед на внесените количества на металите и металните стоки во периодот од 1890 до 1893 год. изразени во метрични квинтали:

---

70) Melia Carmelo, op. cit., 935. (AMC, M—LX/716).

71) ... Commerce gènèral de la Macédoine en 1883, 1884, 1885. (AMC, M/91).

72) Melia Carmelo, op. cit., 934. (AMC, M—LX/716).

73) ... Commerce gènèral de la Macédoine en 1883, 1884, 1885. (AMC, M/91).

74) Ibidem.

75) Данчо Зографски, op. cit., 379.

| Вид на производ | 1890 | 1891 | 1892 | 1893 |
|---|---|---|---|---|
| Железарија | 26 | 123 | 120 | — |
| Железни кревети | — | 65 | 35 | 30 |
| Олово | 19 | 43 | 51 | 315[76]) |

Кинкалерија. Увозот на овие производи од Италија е регистриран скоро во сите извештаи со кои располагаме но нема конкретни податоци за нивната вредност. Имаме податоци само за две годишта. Во 1884 год. била внесена кинкалерија за 525 фр.[77]) но наредната 1885 покажувала многу зголемена вредност 75.000 фр.[78])

Мебели и огледала. И за овие производи, кои биле внесувани од Италија, располагаме со сосема мал број на податоци за тоа колку изнесувала нивната вредност. Во 1883 год. биле внесени огледала за 14.750 фр., во 1884 намештај за 8.382 фр.[79]) и во 1886 мебели и огледала за 75.000 фр.[80]) Увозот на мебели од Италија продолжил и во текот на 1894 и 1895 година.

Кожи и ѓон. За увозот на овие стоки располагаме со повеќе податоци. Во 1881 год. се внесени извесни количеста на кожи и ѓон. Во 1883 год. биле внесени кожи од Италија во вредност од 4.100 фр. а во 1884 обработени кожи за 1.912 фр. и необработени кожи за 3.120 фр.[81]) Вредноста на внесените кожи во 1886 год. веќе достигнала 93.000 фр. Во исто време биле внесени кожи од Месина во вредност од 205.000 фр.[82]) Во 1889 и 1890 год. биле внесени 25.000 кгр. кожи за ѓон.[83])

Треба да се истакне дека количеството на внесената обработена кожа каде што е опфатен и увозот од Massaua (италијанска колонија во Африка — б. н.) и ѓон за чевли во периодот од 1890 до 1893 год. изнесувало изразено во метрички квинтали: обработена кожа во 1890—59; во 1891—190; во 1892—581 и во 1893—495 и ѓон за чевли во 1890—33; во 1892—50.[84])

Кибрит. Исто така важен артикл кој учествувал во увозот на Италија во Македонија бил и кибритот. Треба исто така да се каже дека во извештаите на француските конзули од Солун вредноста на овој артикл што се внесувал од Италија се дава заедно со вредноста на кибритот што бил од австро-унгарско

[76]) Melia Carmelo, op. cit., 934—935. (AMC M—LX/716).

[77]) . . . Commerce gènèral de la Macédoine en 1883, 1884, 1885. (AMC, M/91).

[78]) Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, op. cit., 227.

[79]) Commerce gènèral de la Macédoine en 1883 1884, 1885. (AMC, M 91).

[80]) Данчо Зографски, op. cit., 379.

[81]) . . . Commerce gènèral de la Macedoine en 1883, 1884, 1885. (AMC, M/91).

[82]) Данчо Зографски. op. cit., 380.

[83]) Rapports Commerciaux, № 23, Année 1892. (AMC, M/91).

[84]) Melia Carmelo, op. c:t., 934—935. (AMC, M—LX/716).

потекло. Во 1881 год. вредноста на внесениот кибрит и фитил, заедно со Австро-Унгарија, изнесувала околу 200.000 фр.,[85]) а во 1885 вредноста на горенаведените артикли изнесувала приближно околу 100.000 фр.[86]) Ваквата состојба се одржала и во текот на 1886 год.

Во наредните години бележиме извесно зголемување на вредноста на овие артикли. Така во 1888 год. бил внесен кибрит и трут од Австро-Унгарија и од Италија за 120.000 фр.[87])

Во периодот од 1890 до 1893 год. биле внесени следните количества на кибрит од Италија изразени во метрични квинтали: во 1890—204; во 1891—290; во 1892—87 и во 1893—80.[88])

Во текот на 1891 год. кибрит и трут биле внесени од Австро-Унгарија и од Италија за 125.000 фр.[89])

Цената на мало на кибритот во текот на 1893 год. се движела од 0 фр. 18 до 0 фр. 25 за пакет од кутии. Во извештаите на француските конзули од Солун се забележувало дека кибритот и трутот биле од слаб квалитет, но имале добар пазар и биле речиси исклучиво од австро-унгарско и италијанско потекло. Инаку вредноста на овие артикли, кои се внесувале и во наредните години, скоро речиси ја задржувала истата висина. Така на пр., во 1894 год. приближната вредност на увозот била 130.000 фр.[90])

На крајот ќе се осврнеме на увозот на некои артикли од Италија кои се појавуваат само во извештаите за одделни годишта. Тие се ставени во еден поднаслов Разни артикли. Овие податоци се претставени по одделни годишта.

Во 1883 год. биле внесени следните артикли од Италија: восок за 19.050 фр.; крмез за 22.950 фр.; разни стоки за 258,300 фр.; мануфактурни изработки за 80.300 фр.; ѕидни часовници за 6.150 фр.

Во 1884 год. биле внесени машини за 720 фр; мануфактурни стоки за 5.560 фр.; разни стоки за 11.725 фр.; садови за

---

[85]) Ragguagli commerciali sul Traffico della citta di Salonicco durante l'anno 1881, Rapporto del Cav. Avv. Francesco Zerboni. R. Console a Salonicco. Importazione, Bolletino Consolare, Vol. XVIII. Parte II (Dicembre 1882), 517. (AMC, M—LX/714).

[86]) Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, op. cit., 227.

[87]) А. Матковски и П. Ангелакова, Извештаи на француските конзули од Солун од 1887 до 1889 година. Г ИНИ XVI/3 (1972), 191.

[88]) Melia Carmelo, op. cit., 934. (AMC, MLX—/716).

[89]) Rapports commerciaux des agents diplomatiques et consulaires de France, année 1892, № 54. Turquie, Navigation et Commerce du Port de Salonique en 1891. A. de Lacretelle. (AMC. M/91).

[90]) Rapports commerciaux des agents diplomatiques et consulaires de France, Publies par le Ministere des Affaires étrangeres et la Ministere du Commerce, de l'Industrie, des Postes et des Telegraphes. Année 1895, № 303, Turquie, Mouvement du Commerce et de la Navigation dans le Port de Salonique pendant l'année 1894 (AMC, M/91).

течности за 4.484 фр.; предмети од слама за 1.680 фр.; тутун за 8.740 фр.; талк за 4.950 фр.; ситничарска стока за 2.000 фр.; дрвен јаглен за 11.900 фр. и петролеј за 1.454.200 фр.[91])

Во 1886 год е внесено индиго за 150.000 фр.; разна стока за 140.000 фр.[92])

Во периодот од 1890 до 1893 год., според веќе порано цитираниот извештај на Кармело Мелиа, покрај гореспоменатите артикли од Италија се внесувале и следните производи:

| Производи | 1890 | 1891 | 1892 | 1893 |
|---|---|---|---|---|
| Копчиња | — | 10 | 5 | 3 |
| Јагленороден калцит | 10 | 50 | 102 | — |
| Чешли | 6 | 23 | 28 | 15 |
| Четки | 10 | 38 | 40 | 60[93]) |

Горенаведените бројки означуваат метрични квинтали.

Исто така во текот на 1889 и 1890 год. бил внесен талк и тоа во 1889 год. 119.000 кгр а во 1890 349.000 кгр. Овие количества биле испратени речиси исклучиво од Италија.[94])

Во овие години исто така биле внесувани и извесни количества на штирак, креда и парфимерија.

Во 1894[95]) и 1895 год. во извештаите на француските конзули од Солун се зборува за различни производи под еден поднаслов, кои покрај од другите земји биле внесувани и од Италија, каде се и опфатени следните артикли: бибер, пиво, стипса, амонијачна сол, витриол итн.

За понатамошните годишта не располагаме со податоци како се одвивал италијанскиот извоз во Македонија односно кои производи го сочинувале него.

Од досега изложеноното може да се регистрира интензитетот на италијанскиот извоз во Македонија кој воглавно се одвивал преку Солунското пристаниште а во помала мера и преку пристаништето во Кавала. Нецелосните податоци не ни овозможуваат посеопфатно да ја согледаме сликата на интензитетот на италијанскиот извоз во Македонија кој осцирилал од година во година како што видовме уште во почетокот кога е претствено учеството на извозот на Италија по години.

Во најголем дел на италијанскиот извоз во Македонија доминирале производите на италијанската текстилна индустри-

91) ... Commerce gènèral de la Macédoine en 1883, 1884, 1885. (AMC, M/91).

92) Данчо Зографски. op. cit. 379.

93) Melia Carmelo, op. cit., 933—935. (AMC M—LX/716).

94) Rapports Commerciaux, № 23, Année 1892. (AMC, M/91).

95) Rapports commerciaux, № 303, Année 1895. (AMC, M/91).

ја, потоа разни италијански прехранбени артикли, хартијата, фармацеутските производи, стаклото, порцеланот, градежните материјали и металуршките производи.

Италијанските претставници во Македонија, а и други Италијанци, често пати во своите извештаи се осврнувале на трговските односи на Македонија со Италија, каде што покрај останатото била третирана и проблематиката на италијанскиот извоз во Македонија.

Така италијанскиот конзул во Солун Вито Финци (Vito Finzi), во својот извештај објавен во Билтенот на трговските вести (Bollettino di notizie comerciale) (1)[2] (cfr. il n. 15 della serie II, vol IX, anno 1892), пишувал за трговскиот промет покрај со Италија и со следните земји: Австро-Унгарија, Германија, Франција и Белгија со Македонија.[97])

Сметајќи го за прилично интересен оној дел од неговиот извештај, каде што како предмет на разгледување се „Трговските односи на Македонија со Италија", во продолжение изложуваме некои мислења на Вито Финци во врска со оваа проблематика.

Во почетокот тој се осврнува на тоа дека трговските односи во Македонија со Австро-Унгарија, Германија, Франција и Белгија покажувале зголемување, за разлика од оние со Италија кои покажувале смалување. Како потврда за ова негово тврдење тој наведувал дека значителни количества на ориз, на кафе и на други продукти, кои во последните години доаѓале директно од Ѓенова, го промениле својот тек и доаѓале од Хамбург и од Трст.

Италијанскиот конзул во Трст нагласувал дека Италија можела повеќе да учествува во извозот во Македонија. Понатаму, поткрепувајќи ја својата констатација, вели: „Нашите трговци ќе треба да дојдат или да испратат способни агенти (посредници) за да ја проучат земјата и тоа преку приредување на изложби на збирки, преку нагласување на барањата на пазарот, и пред сè преку извршување на совесна исправност на порачките настојувајќи многу повеќе за изгледот на амбалажата."[98])

Во продолжение веќе порано спomенатиот италијански конзул во Солун Вито Финци истакнувал дека приватната иницијатива на италијанските стопанственици се пробудувала и барала пазари за пласирање на своите стоки без да инсистира

---

96) Consulat de France a Salonique, le 8 Juillet 1896, № 12. Mouvement du commerce e la navigation dans Port de Salonique en 1895. (AMC, M/91).

97) Melia Carmelo, op. cit., 931—932. (AMC, M—LX/716).

98) Ibidem., 933.

на помош од владата.[99]) „Нашите трговци ќе треба без губење на време да проучат кои предимства можат да ги извлечат од дефинитивното ориентирање на отоманските железници и освојување или поарно да се рече завладување пазарите на овие предели кои се откриени од цивилизацијата на парната локомотива".

Инаку кога сме кај извозот на италијанските стоки во Македонија да пренесеме и едно мислење на еден италијански автор кој пишувал за италијанскиот извоз на Левантот (Истокот) а кое се однесувало за квалитетот на изнесените стоки од Италија. Конкретно, станува збор за извозот на ѓонови од Италија.

Штавените кожи за ѓон, од италијанските фабрики, кои во поранешните години успеале да ги истиснат француските производи, тогаш речиси не можеле да се продадат, пишувал l'Olivari (L'importazione italiano nel Levante, di Leonida Olivari, Genova 1893) и додал многу целисходно: „Причина за оваа, за жалење, положба на работите била лошо подготвената стока она што е полошо, фалсификувана, која последно време дојде доставена од некој наш сонародник. Сега италијанскиот ѓон е примен со недоверба и ќе бидат потребни тешки жртви за подготовка на друг начин за овој пазар" (Солун).

Според Кармело Мелиа забелешката што ја направил Оливари за ѓоновите, требало, за жал, да се направи и за многу други артикли извезувани од Италија.[100])

Интересно е да се спомени мислењето на советскиот историчар К. Е. Кирова во врска со квалитетот на италијанските текстилни стоки која вели: „Кај Италијанците слични традиции и немало (како кај Англичаните-заб.); и тие ги „биеле рекордите" со лоши работи. Ткаенините, извезувани од нив во Турција, или биле специјално изработувани за Истокот многу ниски видови, или просто едноставно шкарт на текстилната индустрија. Нивната ниска цена исто така, во сообразност со локалните услови, била „совршено исклучителна".[101])

*

*   *

Од досега изложеното што се однесува на извозот од Италија во Македонија, би можело да се констатира следното:

Прво, дека вкупната вредност на внесените стоки од Италија во Македонија, заостанувала зад вредноста на стоките пла-

[99]) Idem, 933.

[100]) Id, 922.

[101]) К. Э. Кирова, Итальянская экспанзия в Восточном Средиземноморье (в начеле XX в.). Москва, 1973, 30.

сирани од страна на останатите поразвиени капиталистички држави.

Причината за ова е што поразвиените капиталистички земји во Европа во тоа време имале поголема можност да ги пласираат своите стоки на пазарите во Македонија. Сето ова било како последица од порано освоените пазаришта во Македонија како што впрочем било и на територијата на целата Османска империја;

Второ, дека како главни извозни артикли од Италија за Македонија оделе производите на италијанската текстилна и прехранбена индустрија а во помал обем разни метални стоки и друго;

Трето, дека производите од Италија, наменети за извоз, биле од послаб квалитет за разлика од производите на останатите европски земји.

Интензивните трговски врски помеѓу Македонија и Италија нормално доведуваат и до зголемено политичко интересирање на Италија за состојбата во Македонија односно за развитокот на македонското прашање во цитираниот период.

Отворањето на италијанските конзулати во Македонија имало за резултат зголемена заинтересираност како за македонско-италијанската трговска размена, така и за непосредно запознавање со политичката положба во Македонија.

Во почетокот на XX век се динамизира италијанската заинтересираност за положбата во Македонија кое било евидентно на два плана: во контактите на Италија со големите европски сили во однос на македонското прашање и италијанскиот став спрема македонското националноослободително движење.

Италија настојувала во решавањето на македонското прашање да се третира како трета заинтересирана сила покрај Русија и Австро-Унгарија. Сето ова Италија го правела исто така од свои побуди, бидејќи настојувала во Македонија, која се граничела со Албанија и за која исто така покажувала голем интерес, да ги зголеми своите империјалистички позиции.

Kočo Sidovski

## CONTRIBUTO ALLO STUDIO DELLE RELAZIONI COMMERCIALI TRA LA MACEDONIA E L'ITALIA, CON PARTICOLARE RIGUARDO ALL'ESPORTAZIONE (1870—1903) DALL'ITALIA

Le relazioni commerciali tra la Macedonia e l'Italia avvenivano nel contesto delle relazioni tra l'Impero Ottomano e l'Italia. La favorevole situazione geografica e il clima mite della Macedonia, adatto a una diversificata produzione agricola, oltre a pro-

dotti derivati dall'allevamento del bestiame e dall'allevamento del baco da seta, contribuirono sensibilmente allo sviluppo degli scambi. Con l'unificazione del regno d'Italia le relazioni commerciali tra l'Impero Ottomano, ovvero della Macedonia, e l'Italia acquistarono un tono particolarmente elevato.

I principali prodotti dell'esportazione dell'Italia verso la Macedonia erano di genere alimentare e tessile e, misura minore, utensileria in metallo.

L'elevato interscambio tra la l'Italia e la Macedonia portò al succesivo interessamento dell'Italia alla questione macedone nel periodo sopra menzionato (1870—1903).